МАКЕДОНСКА БЕРЗА
АД СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТА
# ЗА 2018 ГОДИНА

Скопје, Март 2019 година

# СОДРЖИНА

1. ВОВЕД…………………………………………………………………………………………………..…...2
2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ……………………………………………………………………….…….2
3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ………………………………………………………....…3
4. КОТАЦИЈА…………………………………………………………………………………..……....9
5. ДРУГИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ТРГУВАЊЕТО И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА БЕСТ СИСТЕМОТ……………………………………………………………………………..10
6. НАДЗОР НА ТРГУВАЊЕТО………………………………………………………………….…11
7. ЧЛЕНСТВО………………………………………………………………………………………….…12
8. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКА И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА БЕРЗАТА……..12
9. ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ…………………………………………………......14
10. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ…………………………………………………………….…....17
11. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ………………………………………………………………....18
12. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА……………………………………………………………….…20
13. ПОДАТОЦИ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ПРИМАЊАТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА БЕРЗАТА…………………………………………………………………………….22
14. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2018 ГОДИНА……………………………….....…24

## 1. ВОВЕД

Извештајот за работа на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје во 2018 година ги содржи главните фактори и околности (деловно окружување) коишто влијаеа на работењето на Берзата во 2018 година, основните карактеристики на берзанското работење, осврт на остварените резултати од тргувањето со хартии од вредност, активностите поврзани со котацијата, членството и надзорот на тргувањето, правните и нормативни активности, активностите во делот на информатичка и техничка поддршка на Берзата, преземените активности за едукација на пошироката јавност, промоција на Берзата и меѓународната соработка, како и извештај за финансиското работење по годишната сметка за 2018 година.

## 2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

Во текот на 2018 година работењето на Македонска берза се одвиваше под влијание на следните главни фактори и околности од меѓународен и локален аспект, коишто го креираа деловното окружување во кое функционираше Македонската берза, односно имаа свое влијание врз берзанското тргување со хартии од вредност, а со тоа и врз деловното работење на Берзата како акционерско друштво:

- Растот на светската економија во 2018 година забави во однос на претходната година и истиот изнесуваше околу 3,7%, најмногу како резултат на ограничениот раст на економиите во Европа и Азија. Темпото на раст особено забави во третиот квартал, пред се' во Германија и Јапонија, но и во Кина која беше под посебен надзор заради меѓусебно воведените царински и трговски тарифи со САД[1];

- Проценето е дека во 2018 година македонската економија ќе забележи раст од 2,8%, споредено со растот од 0,2% од претходната година, пред се' како резултат на подобрената политичка ситуација и решавањето на спорот со името со Грција[2];

- Подобрениот генерален амбиент и поизразениот оптимизам кај деловните субјекти имаа влијание врз сентиментот на инвеститорите, односно на обемот на вложување на инвеститорите во домашните хартии од вредност. И покрај сите неизвесности поврзани со реализацијата на одредбите од Преспанскиот договор од кој се очекуваше разрешување на дводецениските спор со Грција и обновување на процесите за прием на државата во НАТО и ЕУ, истиот даде промптен позитивен импулс на растот на тргувањето на Берзата;

- Во текот на 2018 година НБРМ ја олабави монетарната политика, при што каматна стапка на благајничките записи беше намалувана во три наврати, за да на крај достигне ниво од 2,5%. Обемот на кредити кои банките ги даваат на нефинансискиот сектор продолжи да расте и достигна пораст од 7,3%,споредено со порастот од 5,4% во 2017 година. Во 2018 година пораст бележат и депозитите со стапка од 10,5% споредено со 2017 година. На крајот од 2018 година, годишната пондерирана каматна стапка на дадени кредити изнесуваше 5,33%, додека годишна пондерирана каматна стапка на новоодобрени дадени кредити изнесуваше 4,49%. Каматна стапка на депозитите на крајот од 2018 година изнесуваше 1,41%, додека на новопримените заштеди изнесуваше 1,4%[3]. Евидентно е намалувањето на приносот на најсигурните финаниски инструменти (едногодишни државни записи) кој од каматна стапка со износ од 1,85% во декември 2017 година се намали на 0,90% на последната аукција во декември 2018 година. Продолжението на трендот на намалување на каматните стапки во 2018 година имаше свое осетно влијание на берзанските движења;

[1] World Economic Outlook - Update, IMF, Јануари 2019
[2] "Макроекономски индикатори, Министерство за финансии на Република Македонија, јануари 2019 година"
[3] Соопштение за печат на НБРМ - Пондерирани каматни стапки на одобрени кредити и примени депозити,, 31 Јануари 2019 година

- Вредноста на портфолиото на отворените домашни инвестициски фондови на крајот на 2018 година се зголеми за 17,26% во однос на 2017 година и достигна износ од 102,7 милиони евра. И покрај тоа што најголем дел од средствата доверени на управување на фондовите беа насочени кон вложување во депозити и должнички хартии од вредност издадени од државата, сепак овој раст имаше свое позитивно влијание и на берзанските движења. Особено добри перформанси имаше единствениот фонд што како инвестициска политика се базира на реплицирање на МБИ10 индексот кој ја зголеми вредноста на единицата во 2018 година за 34,21% (споредено со вториот најдобар фонд кој забележа пораст од 6,36%). Слични се трендовите и кај пензиските фондови кои на крајот од 2018 година го зголемија износот на нето средствата за 13,22% во однос на 2017 година и достигнаа вредност од 1,07 милијарди евра;

- Како резултат на задолжителната котација на хартиите од вредност и во текот на 2018 на Берзата продолжи задоволителниот обем и квалитет на известувањата од страна на котираните друштва, а со тоа и на транспарентноста на македонскиот пазар на хартии од вредност во целина;

- Во рамките на вкупниот број на котирани компании (105 котирани друштва), 26 друштва исплатија дивиденди во 2018 година во износ од 113 милиони евра;

- Инфлацијата во 2018 година достигна вредност од 1,5%;

- Се задржа политиката на стабилен девизен курс;

- Институционалната пазарна инфраструктура беше функционална и ефикасна без никакви забележани позначајни предизвици.

# 3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## 3.1. Основни карактеристики

Основни карактеристики на тргувањето во 2018 година беа:

- Вкупниот промет (по сите основи) во 2018 година изнесуваше **10.414.067.246** денари (околу **169,32** милиони евра), што е за **119,78 %** повисок во споредба со 2017 година;

- Остварениот промет на класичното тргување во 2018 година изнесуваше **4.889.152.889** денари[4] (околу **79,49** милиони евра), што е за **68,14%** повисок во споредба со 2017 година;

    - Прометот остварен со акции во 2018 година изнесуваше **4.358.179.597** денари (околу **70,86** милиони евра), што е за **59,71%** повисок во споредба со 2017 година;

    - Во 2018 година е остварен промет со обврзници од **530.973.292** денари (околу **8,63** милиони евра), што е за **196,72%** повисок во споредба со 2017 година;

- Во 2018 година на Берзата се реализирани **200** блок трансакции (администраторски и системски блок трансакции) во вкупна вредност од **5.261.265.006** денари (околу **85,55** милиони евра), и бележат зголемување од **189,44%** во споредба со 2017 година;

- Во 2018 година реализирани се продажби на акции по пат на јавни берзански аукции во вкупна вредност од **17.004.352** денари (околу **276** илјади евра), што е за **31,91%** повеќе во споредба со 2017 година;

- Во 2018 година на Берзата е реализирана јавна понуда на хартии од вредност во вкупна вредност од **246.645.000** денари (околу **4** милиони евра);

[4] При пресметување на класичното тргување на Берзата не се вклучени прометите остварени на јавните берзански аукции и блок трансакциите.

- Во структурата на прометот доминираат реализираните блок трансакции со **50,52%** учество во вкупниот промет на Берзата во 2018 година. Тргувањето со хартиите од вредност на Официјалниот пазар има учество од **46,2%,** додека тргувањето со некотираните хартии од вредност во 2018 година беше незначително (околу **0,74%**);

- На крајот на 2018 година на котација на Официјалниот пазар беа котирани акции на **105** друштва, од кои 28 друштва на подсегментите Супер котација и Берзанска котација и 77 друштва на подсегментот Задолжителна котација;

- Пазарната капитализација на котираните акции на 28.12.2018 година достигна **158,77** милијарди денари (околу **2,58** милијарди евра, што изнесува 24,16% од БДП) и бележи зголемување од **19,43%** во споредба со 2017 година, додека пазарната капитализација на обврзниците изнесува **3,39** милијарди денари (**55,13** милиони евра) и бележи намалување од **2,96%** во споредба со 2017 година;

- Вредноста на Македонскиот берзански индекс МБИ10 на 28.12.2018 година изнесуваше **3.469,03** што е **36,64%** повисок во однос на вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2017 година кога изнесуваше 2.538,86**.**

Сумарно, 2018 година може да се оцени како мошне успешна година со остварени над 169 милиони евра вкупен промет, пораст на МБИ10 индексот за околу 37%, речиси 190% пораст кај блок транскациите, како и пораст на тргувањето со акции и обврзници во БЕСТ (59%, односно 196%). Прометот од тргување во БЕСТ системот изнесува над 79 милиони евра и може да се констатира дека подобри перформанси немало во последната деценија. Воедно, треба да се напомене дека целата динамика се базира воглавно на домашни инвеститори.

Со цел согледување и споредување на резултатите од тргувањето на Берзата за 2018 и 2017 година, во продолжение се презентира и табеларен приказ на сумарните берзански податоци за овие две последователни години.

| Денари | Јануари –Декември 2017 | Јануари –Декември 2018 | % |
|---|---|---|---|
| КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ | **2.907.809.921** | **4.889.152.889** | **68,14** |
| АКЦИИ | 2.728.863.225 | 4.358.179.597 | 59,71 |
| ОБВРЗНИЦИ | 178.946.696 | 530.973.292 | 196,72 |
| ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН ПРОМЕТ (денари) | 11.917.254 | 19.794.141 | 66,10 |
| ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ | 66 | 96 | 45,45 |
| БЛОК ТРАНСАКЦИИ | **1.817.744.356** | **5.261.265.006** | **189,44** |
| ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ | **12.890.642** | **17.004.352** | **31,91** |
| ЈАВНИ ПОНУДИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | **0** | **246.645.000** | **-** |
| ВКУПНО **ПРОМЕТ** | **4.738.444.919** | **10.414.067.246** | **119,78** |
| КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ | 16.045 | 23.716 | 47,81 |
| БЛОК ТРАНСАКЦИИ | 181 | 200 | 10,50 |
| ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ | 1 | 15 | 1.400,00 |
| ЈАВНА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | 0 | 1 | - |
| ВКУПНО БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ | **16.227** | **23.932** | **47,48** |
| ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИИ | **136.338.756.413** | **162.169.162.195** | **18,95** |
| БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА-АКЦИИ | 132.942.125.248 | 158.772.531.030 | 19,43 |
| ПАЗАР НА АДПОИ | 3.396.631.165 | 3.396.631.165 | 0,00 |
| ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА ОБВРЗНИЦИ | **3.493.014.392** | **3.389.570.084** | **-2,96** |
| ВКУПНО ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА | **139.831.770.805** | **165.558.732.279** | **18,40** |
| МБИ10 | **2.538,86** | **3.469,03** | **36,64** |
| ОМБ | **128,57** | **131,31** | **2,13** |
| БРОЈ НА КОТИРАНИ ДРУШТВА | **107** | **105** | **-1,87** |
| БРОЈ НА ДЕНОВИ НА ТРГУВАЊЕ | **244** | **247** | **1,23** |

## 3.2. Класичното тргување (БЕСТ систем)

Во текот на 2018 година на Берзата е остварен промет од “класичното” тргување во износ од **4.889.152.889** денари (околу **79,49** милиони евра).

| Месец | Официјален пазар | | Редовен пазар | | Промет во денари | Промет во ЕВРА | Бр. на трансакции | Бр. на ден. на трг. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акции | Обврзници | Акции | Обврзници | | | | |
| Јануари | 287.254.227 | 155.908.269 | 2.322.823 | 0 | 445.485.319 | 7.242.301 | 2.042 | 20 |
| Февруари | 243.255.292 | 74.517.255 | 1.628.388 | 0 | 319.400.935 | 5.182.039 | 1.584 | 20 |
| Март | 300.573.067 | 49.909.109 | 427.821 | 0 | 350.909.997 | 5.703.027 | 1.923 | 22 |
| **Вкуп. IQ** | **831.082.586** | **280.334.633** | **4.379.032** | **0** | **1.115.796.251** | **18.127.367** | **5.549** | **62** |
| Април | 372.319.698 | 24.979.635 | 2.494.270 | 0 | 399.793.604 | 6.500.785 | 1.732 | 19 |
| Мај | 381.095.337 | 30.213.633 | 5.281.643 | 0 | 416.590.613 | 6.774.139 | 2.269 | 20 |
| Јуни | 704.658.417 | 66.415.274 | 1.156.739 | 0 | 772.230.430 | 12.556.235 | 3.165 | 20 |
| **Вкуп. II Q** | **1.458.073.452** | **121.608.542** | **8.932.652** | **0** | **1.588.614.647** | **25.831.159** | **7.166** | **59** |
| Јули | 326.587.883 | 50.833.927 | 2.310.618 | 6.148.540 | 385.880.968 | 6.275.257 | 1.981 | 22 |
| Август | 237.008.438 | 12.972.332 | 2.653.577 | 0 | 252.634.347 | 4.108.382 | 1.460 | 21 |
| Септември | 343.988.603 | 7.542.842 | 2.287.508 | 0 | 353.818.953 | 5.753.651 | 1.827 | 20 |
| **Вкуп. IIIQ** | **907.584.924** | **71.349.101** | **7.251.703** | **6.148.540** | **992.334.268** | **16.137.290** | **5.268** | **63** |
| Октомври | 524.690.733 | 40.726.211 | 3.421.682 | 0 | 568.838.626 | 9.250.455 | 2.548 | 21 |
| Ноември | 305.147.819 | 6.076.810 | 16.498.258 | 0 | 327.722.887 | 5.329.405 | 1.794 | 22 |
| Декември | 260.233.678 | 4.729.454 | 30.883.078 | 0 | 295.846.210 | 4.810.981 | 1.391 | 20 |
| **Вкуп. IVQ** | **1.090.072.230** | **51.532.475** | **50.803.018** | **0** | **1.192.407.723** | **19.390.841** | **5.733** | **63** |
| **ВКУПНО** | **4.286.813.192** | **524.824.751** | **71.366.405** | **6.148.540** | **4.889.152.889** | **79.486.657** | **23.716** | **247** |

За подобро согледување на остварените резултати од “класичното” тргување на Берзата во 2018 година, во продолжение презентираме табеларен приказ на тргувањето по месеци, односно квартали во 2018 година.

## 3.3. Структура на промет од класичното тргување по пазарни сегменти

Прометот на **Официјалниот пазар** на Берзата во 2018 година (4,81 милијарди денари) е остварен преку 23.549 трансакции и учествува во вкупниот промет од класичното тргување со 98,41%. Од тоа, 4,29 милијарди денари отпаѓаат на тргувањето со акции (89,09%) при што се склучени 22.037 трансакции, додека прометот со обврзници изнесува 524 милиони денари (10,91%) и истиот е остварен преку 1.512 трансакции.

Остварениот промет на **Редовниот пазар** на Берзата (77,51 милиони денари) учествува во вкупниот промет од класичното тргување во 2018 година со 1,59% и 167 трансакции. Од тоа, 71,37 милиони денари отпаѓаат на тргувањето со акции (92,07%) при што се склучени 165 трансакции, додека прометот со обврзници изнесува 6 милиони денари (7,93%) и истиот е остварен преку 2 трансакции.

Од прометот остварен преку тргување со акции, 264 илјади денари отпаѓаат на тргувањето остварено на Пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување (0,37%) и овој промет е остварен преку 13 трансакции, додека на Слободниот пазар се остварени 71 милион денари (99,63%) преку 152 трансакции.






## 3.4. Блок трансакции

**Администраторски блок трансакции**
Во 2018 година на Берзата беа пријавени вкупно **26** администраторски блок трансакции во вкупна вредност од **1.747.178.323** денари (околу 28,41 милион евра).

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **Официјален пазар** | Супер котација | 90.114.580 | 1.465.278 | 5 |
| | Берзанска котација | 151.069.882 | 2.456.584 | 11 |
| | Задолжителна котација | 72.746.792 | 1.182.933 | 4 |
| **Редовен пазар** | Слободен пазар | 1.433.247.069 | 23.305.318 | 6 |
| **Вкупно** | | **1.747.178.323** | **28.410.113** | **26** |

На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 20 блок трансакции во вкупна вредност од 314 милиони денари (5,1 милиони евра), додека на Редовниот пазар беа реализирани вкупно 6 блок трансакции во вкупна вредност од 1,43 милијарди денари (23,31 милиони евра).

**Системски блок трансакции**
Во 2018 година на Берзата беа склучени вкупно **174** системски блок трансакции во вкупна вредност од **3.514.086.683** денари (околу 57,14 милиони евра).

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **Официјален пазар** | Супер котација | 2.622.073.545 | 42.636.070 | 62 |
| | Берзанска котација | 574.789.462 | 9.346.699 | 70 |
| | Задолжителна котација | 252.182.606 | 4.100.682 | 24 |
| **Редовен пазар** | Слободен пазар | 65.041.070 | 1.057.654 | 18 |
| **Вкупно** | | **3.514.086.683** | **57.141.105** | **174** |

На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 156 блок трансакции во вкупна вредност од 3,44 милијарди денари (56 милиони евра), додека на Редовниот пазар беа склучени вкупно 18 блок трансакции во вкупна вредност од 65 милиони денари (1 милион евра).

## 3.5. Учество на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет

Врз основа на податоците добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност кои се однесуваат за учеството на странските и домашните инвеститори во вкупниот промет на Берзата, а кои редовно се објавуваа во месечните статистички билтени на Берзата, може да се констатира дека од вкупниот промет **10.414.067.246** денари (околу **169,32** милиони евра) остварен на Берзата во 2018 година, **1.604.021.686** денари (околу **26** милиони евра) се однесуваат на прометот остварен од купување на хартии од вредност од страна на странските инвеститори (**15,40%** од вкупниот промет), додека **3.536.894.062** денари (околу **57** милиони евра) се остварени преку продавање на хартии од вредност на странските инвеститори на домашниот пазар (**33,96%** од вкупниот промет).

**Учеството на домашните и странските инвеститори во вкупниот промет на Берзата во 2018 година**



## 3.6. Индекси на Македонска берза

Македонска берза АД Скопје ги пресметува и објавува следните индекси: Македонски Берзански Индекс – МБИ10 и Индекс на обврзници – ОМБ.

### Македонски Берзански Индекс – МБИ10




- вредност на МБИ10 на **28.12.2018** изнесува **3.469,03** индексни поени, што значи зголемување од **36,64%** во споредба со вредноста на индексот постигната на **28.12.2017** година (**2.538,86** индексни поени).
- највисока вредност на МБИ10 во 2018 година е постигната на **22.10.2018** година (**3.687,76** индексни поени).
- најниска вредност на индексот во 2018 година е постигната на **02.01.2018** година (**2.544.35** индексни поени).

| *Датум на извршена ревизија* | *Вид на ревизија* | *Состав на индексот* | *Забелешка* |
|---|---|---|---|
| 18.06.2018<br><br>17.12.2018 | Редовна ревизија на индексот МБИ10 | Комерцијална банка АД Скопје,<br>Гранит АД Скопје,<br>Алкалоид АД Скопје,<br>Макпетрол АД Скопје,<br>Македонијатурист АД Скопје,<br>Охридска банка АД Скопје,<br>Македонски Телеком АД Скопје<br>НЛБ Банка АД Скопје,<br>Стопанска банка АД Скопје и<br>ТТК Банка АД Скопје | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 02.07.2018 година.<br><br>По ревизијата извршена на 17.12.2018 составот на индексот остана непроменет. |

### Индекс на обврзници – ОМБ




- вредност на ОМБ на **28.12.2018** изнесува **131,31** индексни поени, што значи зголемување од **2,13%** во споредба со вредноста на индексот постигната на **28.12.2017** година (**128,57** индексни поени).
- највисока вредност на ОМБ во 2018 е постигната на **28.12.2018** година (**131,31** индексни поени).
- најниска вредност на индексот ОМБ во 2018 е постигната на **03.01.2018** година (**128,55** индексни поени).

| *Датум на извршена ревизија* | *Вид на ревизија* | *Состав на индексот* | *Забелешка* |
|---|---|---|---|
| 26.01.2018 | Вонредна ревизија на индексот ОМБ | RMDEN08,RMDEN09,RMDEN10, RMDEN11, RMDEN12, RMDEN13, RMDEN14, RMDEN15 и RMDEN16 | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 29.01.2018 година |
| 18.06.2018 | Редовна ревизија на индексот ОМБ | RMDEN09, RMDEN10,RMDEN11, RMDEN12, RMDEN13, RMDEN14, RMDEN15 и RMDEN16 | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 02.07.2018 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 26.07.2018 | Вонредна ревизија на индексот ОМБ | RMDEN09, RMDEN10,RMDEN11, RMDEN12, RMDEN13, RMDEN14, RMDEN15, RMDEN16 и RMDEN17 | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 27.07.2018 година |
| 17.12.2018 | Редовна ревизија на индексот ОМБ | RMDEN09, RMDEN10,RMDEN11, RMDEN12, RMDEN13, RMDEN14, RMDEN15, RMDEN16 и RMDEN17 | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој ќе започне да се пресметува индексот по новиот состав ќе биде 02.01.2019 година |

## 3.7. Структура на прометот по членки

Остварениот берзански промет во 2018 година е реализиран преку активностите на 11 членки на Берзата.

Во продолжение ја презентираме табелата за учеството на членките на Берзата во остварениот промет во 2018 година. Податоците се базираат врз двојно пресметување (и при купување и при продавање) со цел да се инкорпорира и активноста на членките во вкрстените трансакции, со исклучок на податоците за тргувањето со хартиите од вредност кои се нуделе на јавните берзански аукции, каде е прикажана само куповната страна.

**Учество на членките на Берзата во реализираниот промет**

| *Членка* | *Шифра на Членка* | *Класично тргување* | *%* | *Блокови* | *%* | *Јавни берзански аукции* | *%* | *Јавна понуда на ХВ* | *%* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Комерцијална банка АД Скопје | KB | 1.442.894.847 | 14,76 | 5.607.883.766 | 53,29 | 134.713 | 0,79 | 0 | 0,00 | 7.050.913.326 |
| ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје | IL | 2.706.675.424 | 27,68 | 538.254.092 | 5,12 | 5.436.442 | 31,97 | 493.290.000 | 100,00 | 3.743.655.958 |
| НЛБ Банка АД Скопје | TN | 931.200.272 | 9,52 | 2.693.056.143 | 25,59 | 7.481.689 | 44,00 | 0 | 0,00 | 3.631.738.104 |
| Еурохаус АД Скопје | EH | 1.475.698.346 | 15,09 | 1.266.116.132 | 12,03 | 962.983 | 5,66 | 0 | 0,00 | 2.742.777.461 |
| ИНОВО БРОКЕР АД Скопје | IN | 533.311.798 | 5,45 | 266.317.688 | 2,53 | 9.825 | 0,06 | 0 | 0,00 | 799.639.311 |
| ТТК Банка Скопје | TK | 608.924.629 | 6,23 | 90.704.050 | 0,86 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 699.628.679 |
| Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје | SP | 641.527.923 | 6,56 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 641.527.923 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | MI | 536.349.659 | 5,49 | 3.747.480 | 0,04 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 540.097.139 |
| Стопанска банка АД Скопје | SB | 492.288.569 | 5,03 | 0 | 0,00 | 2.978.700 | 17,52 | 0 | 0,00 | 495.267.269 |
| Еуростандард Банка АД Скопје | ES | 265.607.082 | 2,72 | 13.124.760 | 0,12 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 278.731.842 |
| Фершпед Брокер АД Скопје | FR | 143.827.228 | 1,47 | 43.325.900 | 0,41 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 187.153.128 |
| **Вкупно** | | **9.778.305.777** | **100** | **10.522.530.012** | **100** | **17.004.352** | **100** | **493.290.000** | **100** | **20.811.130.141** |




Најголемо учество во вкупниот промет по сите основи изразен во денари во тргувањето на Берзата оствари членката Комерцијална банка АД Скопје со учество од 33,88%. На второ и трето место се Илирика Инвестментс АД Скопје и НЛБ Банка АД Скопје со учество од 17,99% и 17,45%, соодветно во 2018 година.

# 4. КОТАЦИЈА

## 4.1. Пазарна капитализација

На почетокот од 2018 година на Официјалниот пазар на Македонската берза беа котирани 107 акционерски друштва со пазарна капитализација од 132,94 милијарди денари како и 11 државни обврзници со пазарна капитализација од 3,49 милијарди денари.

На крајот од 2018 бројот на котираните друштва се намали на 105 (над две друштва се отвори стечај), со пазарна капитализација од 158,77 милијарди денари, што претставува зголемување од 18,95%. На крајот од 2018 година бројот на котирани државни обврзници остана непроменет, со пазарна капитализација од 3,39 милијарди денари, што претставува намалување од 2,96%, при што треба да се имаат предвид достасаните ануитети на обврзниците за денационализација, достасувањето на Седмата емисија на обврзници за денационализација и котацијата на Седумнаесетата емисија на обврзниците за денационализација.

## 4.2. Котација на нови хартии од вредност

По добиено барање и доставен проспект за котација од страна на Министерството за финансии на Република Македонија, почнувајќи од 21.06.2018 година беше котирана Седумнаесетата емисија на обврзниците за денационализација издадена од Република Македонија.

### *4.2.1. Потпишан договор за котација на континуирани државни обврзници*

На 19.12.2018 година Македонската берза и Министерството за финансии потпишаа договор за котација на континуирани државни обврзници, со кој беа опфатени сите државни обврзници со рок на достасување поголем од една година, со прв ден на котација и тргување од 08.01.2019 година.

Со првиот бран на котација на овие државни обврзници, на Официјалниот пазар на Берзата беа котирани вкупно 132 емисии со вкупна номинална вредност од над 881 милиони евра, при што обврзниците се со рочност од 2 до 30 години. Обврзниците се издадени во денари, при што поголем дел од нив се издадени со девизна евро-клаузула. Согласно Договорот, во иднина новоиздадените емисии на државни обврзници ќе се котираат во континуитет на Берзата, по поднесено барање од страна на Министерството. Со овој Договор ќе се обезбеди котација на сите државни обврзници на Официјалниот пазар на Берзата, што ќе донесе нов квалитет за Официјалниот пазар, но и за овие државни хартии од вредност.

## 4.3. Исклучување од котација на хартии од вредност

- Заради достасување на 01.06.2018 беше отстранета од тргување Седмата емисија на обврзници за денационализација (со шифра на тргување RMDEN07) издадена од Република Македонија.
- Акциите издадени од издавачот Јака 80 АД Радовиш поради отворање на стечајна постапка на друштвото.
- Акциите издадени од Топлификација АД Скопје поради отворање на стечајна постапка на друштвото.

## 4.4. Преземени мерки согласно Правилата за котација

### Преземени мерки кон котирани друштва на подсегментот Берзанска котација

| *Назив на друштво* | *Преземена мерка* | *Причини* |
|---|---|---|
| Макотекс АД Скопје<br>ЗК Пелагонија АД Битола<br>Жито Лукс АД Скопје<br>Бетон АД Скопје<br>Технометал Вардар АД Скопје | Опомена | ненавремено објавување на неревидираните финансиски и образложението кон истите или необјавување на целосните материјали за Собранието на акционери на друштвото најмалку 7 дена пред денот на одржување на Собранието на акционери |
| Макотекс АД Скопје<br>Технометал Вардар АД Скопје | Јавна опомена преку интернет страната на Берзата | необјавување на образложение кон резултатите при објавувањето на неревидирните финансиски извештаи |

### Преземени мерки кон друштва котирани на подсегментот Задолжителна котација

| *Назив на друштво* | *Преземена мерка* | *Причини* |
|---|---|---|
| Жито Караорман АД Кичево<br>Агромеханика АД Скопје<br>Вабтек МЗТ АД Скопје<br>Ветекс АД Велес | **Опомена** | ненавремено објавување на неревидирани финансиски извештаи, годишниот извештај за работењето во 2017 година во рок од 7 дена од денот на одржување на Собранието на акционери или необјавување на содржината на донесените одлуки од Собранието на друштвото најдоцна пред почетокот на тргувањето на следниот ден на тргување после денот на нивното донесување |
| Единство АД Струмица<br>Благој Туфанов АД Радовиш<br>Велес табак АД Велес<br>Струмица табак АД Струмица,<br>Јака 80 АД Радовиш, Трудбеник АД Охрид,<br>Оранжерии Хамзали АД Струмица | **Јавна опомена** | необјавување на известување дека неревидираните финансиски извештаи необјавување на јавен повик за свикување Собрание на акционери, како и необјавување на одлуки од Собрание на акционери, односно на ценовно чувствителна информација за неодржано Собрание на акционери |

## 4.5. Објавени известувања преку СЕИ-Нет

| Објави на СЕИ-Нет во 2018 | Супер котација и Берзанска котација | Задолжителна котација | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Број на котирани друштва** | **28** | **77** | **105** |
| Објави поврзани со финансиски извештаи | 274 | 274 | 548 |
| Информации поврзани со Собрание на акционери и одлуки на органите на управување | 238 | 405 | 643 |
| Други ценовно чувствителни информации | 190 | 434 | 624 |
| **ВКУПНО** | **702** | **1.113** | **1.815** |

# 5. ДРУГИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ТРГУВАЊЕТО И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА БЕСТ СИСТЕМОТ

Во текот на 2018 година, согласно направени измени и дополнувања на Правилата за тргување на Берзата, како други позначајни активности поврзани со тргувањето и функционирањето на системот за тргување ги издвојуваме следниве активности:

- беше регулиран начинот на обезбедување на комуникациска врска помеѓу Берзата и членките преку т.н. единствена комуникациска точка обезбедена од давател на телекомуникациски услуги;
- започна да се применува претходно донесната измена во однос на период на порамнување на трансакциите на Берзата за два работни дена од денот на склучување на истите (Т+2), наместо повеќегодишниот стандард од Т+3;

- времето на тргување на Берзата беше пролонгирано до 14:00 часот, со соодветни прилагодувања на времињата и фазите на тргување на хартиите од вредност распоредени во режим на континуирано тргување и во подделните групи во режимот на аукциско тргување;
- поради продолженото време на тргување, беше пролонгирана официјализацијата на денот на тргување за во 14:30 часот и пријавувањето на администраторските блок трансакции до 16:00 часот.

Берзата редовно спроведуваше и други активности поврзани со тргувањето со хартии од вредност како што се:

- воспоставување и отстранување на ценовни ограничувања (статички лимити) и оперативни активности по тој основ, согласно постапките и динамиката предвидени во Правилата за тргување и соодветните одлуки кои произлегуваат од Правилата за тргување;
- распоредување на хартиите од вредност во соодветните режими на тргување, согласно одредбите од Правилата за тргување и соодветните одлуки кои произлегуваат од Правилата за тргување;
- внес на нови хартии за тргување во БЕСТ системот по барање на членки на Берзата, на подсегментот Слободен пазар (беа внесени 37 нови хартии од вредност);
- рангирање на хартиите од вредност по ликвидни групи за поддржувачи на ликвидност, согласно одредбите од Правилата за тргување и соодветните одлуки;
- времени прекини и суспендирања на тргувањето со некои хартии од вредност каде ќе се јавеше потреба (поради исплата на камата и рата кај обврзници, поради достасување на обврзници, поради отворени стечајни постапки над некои друштва, поради ненавремено објавување на одлуки од собрание на акционери и др.);
- распоредување на хартии од вредност по соодветни пазарни подсегменти согласно известувањата од Комисијата за хартии од вредност за запишување и бришење на акционерски друштва од/во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување;
- промена на назив на друштва;
- изготвување и објава на календар на денови на тргување за следната година.

За сите наведени активности, членките на Берзата беа соодветно известувани преку апликацијата БерзаНЕТ.

## 6. НАДЗОР НА ТРГУВАЊЕТО

Во текот на 2018 година, Македонска берза АД Скопје континуирано ја спроведуваше функцијата на надзор над тргувањето со хартии од вредност, со цел одржување на ефикасен и стабилен пазар на хартии од вредност. Првенствено, оваа активност подразбираше редовно вонтеренско следење на тргувањето на Берзата и вонтеренска контрола на членките на Берзата и воочување на евентуални вонредни пазарни состојби, а врз основа на тоа и соодветни интервенции на Берзата во одредени ситуации.

Во 2018 година надзорот се вршеше согласно интерните акти на Берзата, при што на дневно ниво се вршеше анализа на состојбата на пазарот преку надзорната станица на БЕСТ системот и соодветни софтверски надзорни алатки, при што секојдневно се следеа општите, но и поконкретните пазарни движења и случувања, особено имајќи ги предвид аспектите кои можат да претставуваат индикација за нестандардно пазарно однесување и можно прекршување на одредбите на законските или берзанските прописи.

Воедно, Берзата подетално ја следеше пазарната ситуација од аспект на флуктуацијата на цената на акциите кај акционерските друштва кај кои беа одржани собранија на акционери, особено доколку истите имаа точки кои можеа да имаат влијание врз цената на тие хартии од вредност, како и други информации кои се ценовно чувствителни.

Во текот на 2018 година, Берзата спроведе пет вонтеренски контроли над своите членки. После обезбедувањето на потребната документација и обработка на истата, беа изготвени и Записници од контролите и истите беа доставени до членките.

Воедно, во 2018 година имајќи ја предвид зголемената берзанска динамика и интензивниот пораст на цените на хартиите од вредност со кои се тргува на Берзата, беа одржани средби со директорите на 5 членки со најголен промет (истите учествува со над 70% во вкупниот промет на Берзата во тој период), на кои се дискутираше за актуелните пазарни состојби.

Исто така, беше извршена подетална анализа на склучените вкрстени трансакции од страна на членките на Берзата, при што за поспецифичните состојби беше информирана и Комисијата за хартии од вредност.

## 7. ЧЛЕНСТВО

Во 2018 година, тргувањето со хартии од вредност се вршеше преку 11 членки на Берзата, од кои 6 се банки, а 5 се брокерски куќи. Бројот на овластени брокери за тргување преку БЕСТ системот на почетокот на овој извештаен период изнесуваше 37 брокери, а на крајот на годината изнесуваше 35 брокери.

- **Изречени мерки спрема членките**

Во текот на 2018 година, по претходно спроведена дисциплинска постапка согласно Правилата за однесување и дисциплина, беше донесена одлука за изрекување дисцплинска мерка опомена кон една членка на Берзата заради непостапување во согласност со Правилата за тргување на Берзата.

- **Ажурирање на податоците за членките**

Кон крајот на годината, од страна на членките на Берзата беше побарано доставување на докуметација со цел ажурирање на документацијата со која Берзата располага потребна за проверка на континуираното исполнување на условите за членство и за утврдување на состојбите во врска со пропишаните услови за членство во Правилата за членство.

## 8. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКА И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА БЕРЗАТА

### 8.1. Активности поврзани со апликацијата Broker Office на членките на Берзата

Во текот на 2018 година, Секторот за информатичка и техничка поддршка континуирано даваше тековна поддршка на сите членки во секојдневното работење со Broker Office апликацијата (промена и креирање на нови урнеци за различни документи кои се продуцираат од страна на апликацијата, промени во провизиите и ценовниците на членките, поддршка во работењето со Интерконт од аспект на детектирање и исправање на грешки при рачни книжења и сл.).

Исто така, во текот на 2018 година беше изготвен нов софтверски модул за давање електронски налози и следење на пазарот преку мобилен телефон. Спецификацијата на функционалностите беше направена во соработка со берзата во Бања Лука. По имплементацијата на оваа апликација се изврши тестирање на истата по што беше инсталирана кај сите членки и пуштена во продукција. Инвестициите за овој нов модул во софтверскиот пакет Broker Office беа целосно финансирани од страна на Берзата.

Воедно, Берзата беше активно вклучена во работата на брокерската корисничка група на Broker Office, при што во соработка со членките се реализира креирање на листа на барање за промени. Во текот на овие активности се контактираше со добавувачот на софтверот при што, за сите побарани измени се добија понуди за имплементација на истите. Вака изготвениот материјал беше предаден на членките.

## 8.2. Активности поврзани со соработката на Берзата и Депозитарот во доменот на информатичка технологија

Во текот на 2018 година, активно се работеше на формирање на заеднички ИТ центар на Берзата и Депозитарот и изнаоѓање на поефикасни начини во искористувањето на човечките ресурси во овој домен во двете институции.

Договорот за Стратегиска соработка во областа на информатичка технологија и човечки ресурси во организационите единици за информатичка технологија на Централен депозитар АД Скопје и Македонска Берза АД Скопје беше потпишан на 22.03.2018 година. Во овој договор беа опфатени следните активности кои треба да се реализираат – соработка при пуштање во продукција на новиот дистрибутивен систем на ЦДХВ, миграција на двете институции на новата инфраструктура во ИТ центарот на ЦДХВ, миграција на двете институции на новата мрежна инфраструктура, како и соработка при избор на нов основен софтверски систем на ЦДХВ во иднина.

По потпишувањето на овој Договор се пристапи и кон набавка на дополнителни хардверски и софтверски ресурси, односно се направи спецификација на потребите за секоја набавка, се изврши евалуација на понудите и се избраа добавувачите за секоја набавка поединечно. Беа набавени дополнителни SSD дискови во системот за чување податоци (data storage), втор firewall кој ќе работи во режим на висока доверливост со веќе постојниот, како и соодветни лиценци за поддршка и надградби, лиценци за употреба на VMWare со поддршка од три години и лиценца за употреба на MS SQLServer.

Во последниот квартал од 2018 година се испланираа следните активности за подготовка на миграцијата на дата центарот на Берзата во ЦДХВ. Притоа, се постави сценарио за миграција при што беа изнајдени најбезбедни и најефикасни чекори за реализација на истата. Исто така, се направи детална анализа за потребните комуникациски водови во заедничкиот ИТ центар со ЦДХВ, при што се воспоставија минималните проточни капацитети на линиите, видот на поврзувањата. Согласно анализата примарниот вод ќе биде од типот заштитен директен вод по две патеки со капацитет од 40Mbps, а резервниот линк ќе се реализира преку интернет VPN поврзување.

## 8.3. Склучени договори за одржување

Во текот на 2018 година беше продолжен Договорот за одржување на Broker Office – ниво 2 со фирма ќерка на берзата од Бања Лука, во кој се содржани сите аспекти на одржувањето кои беа опфатени со иницијалниот договор за купопродажба на софтверот во делот на одржување. Исто така, беше продолжен договорот за одржување на БЕСТ системот со фирмата Новита ДД Љубљана, која е повеќегодишен партнер на Берзата во овој дел.

## 8.4. Нова web страница на Берзата

Во текот на 2018 година се пушти во употреба комплетно нова web страна на Берзата. При имплементација се користеше најнова технологија како во делот за развојни алатки, така и во делот на базична технологија на Microsoft. Дополнително, покрај јавниот дел на web страната на Берзата се имплементира целоно нов систем за администрација на податоците од страна на вработените во Берзата. Најголем дел од активностите поврзани со развојот и имплементацијата на новата web страна беа реализирани со интерни човечки ресурси на Берзата. Новата web страна после тестирањата беше пуштена во употреба на почетокот на август 2018 година.

## 8.5. Прекин во комуникација со членките

Во текот на 2018 година во неколку наврати дојде до прекин во комуникациите на Берзата со членките, при што во сите случаи се работеше или за дефекти на комуникацискиот вод на Берзата (реализиран преку VPN преку интернет) или за дефекти во самата инфраструктура на добавувачот на услугата. Прекините беа краткотрајни, без притоа да се наруши целокупниот тек на трговскиот ден.

## 8.6. Доекипирање на Секторот за информатичка и техничка поддршка

Согласно Програмата за работа на Берзата за 2018 година во декември беа реализирани две нови вработувања во Секторот за информатичка и техничка поддршка на следниве позиции (Јуниор програмер и Систем инженер). Новите вработени беа упатени во работните процеси на Секторот за информатичка и техничка поддршка, а подоцна и во целокупниот процес на работа на Берзата, како и во заедничкиот проект со ЦДХВ.

## 8.7. Нова апликација за работа со архивата на Берзата

Кон крајот на 2018 година се изврши имплементација на нова апликација за водење на архивата на Берзата, при што беа реализирани следниве чекори: се имплементираше прототип апликација која ги опфаќа функционалностите за операции над база на податоци и автентификација на корисници со имплементирани кориснички ролји; се изврши миграција на податоците од старата апликација во новата податочна структура на апликацијата; беше имплементирана новата апликација со користење на ASP.NET MVC5 технологија и истата беше тестирана интерно во Секторот за информатичка поддршка, а потоа стана достапна за тестирање и за Дирекцијата за правни работи. Во текот на тестирањето се вршеа корекции на пронајдени грешки и подобрување на самите процеси имплементирани во апликацијата.

Новата апликација за работа со архивата на Берзата ќе биде пуштена во употреба во текот на првиот квартал од 2019 година.

# 9. ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Правните активности на Берзата во рамките на нејзиното работење во текот на 2018 година сумарно се прикажани преку следните области:

## 9.1. Изменување и дополнување на акти на Берзата и донесување на нови интерни акти

Со цел подобрување на актите на Берзата, нивно прилагодување на нови состојби, усогласување со законските прописи, како и во насока на креирање на поповолен амбиент и воведување на повисоки стандарди на македонскиот пазар на хартии од вредност, во текот на 2018 година беа направени измени и дополнувања на следните акти на Берзата.

| Правила за Тргување | Воведени измени и дополнувања |
|---|---|
| Правила за тргување на Берзата | Се регулира начинот на обезбедување на комуникација помеѓу Берзата и членките, нови одредби коишто го регулираат постапувањето на членките и Берзата во случај на нефункционирање на комуникациските водови помеѓу нив и Берзата. |
| **Правила за котација** | **Воведени измени и дополнувања** |
| Прва измена на Правила за котација | Креирање на соодветни услови за котација на должнички хартии од вредност и воведувањето на можноста за котација на други хартиии од вредност на посебен пазарен подсегмент, како и подигнување на стандардите за известување од страна на издавачите чии хартии од вредност котираат на берзата. |
| Втора измена на Правила за котација | Усогласување на одредбите на Правилата за котација со одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на големи зделки, допрецизирање на обврската во врска со објавувањето на финансиски план од страна на котираните друштва и на обврската за известувања од страна на котираните друштва за воспоставени заложни права на дел од нивниот имот. |
| **Тарифник за висина на надоместоците** | **Воведени измени и дополнувања** |
| Тарифник за висина на надоместоците | Се укина еднократниот и годишен надоместок за котација на континуирани државни обврзници и се предвиде овие надоместоци да се утврдуваат на договорна основа; се намали надоместокот за тргување со сите видови обврзници, освен обврзниците за денационализација, од 0,075% на 0,025% од вредноста на трансакцијата; се воведе нова тарифна ставка „Надоместоци за тргување со други долгорочни хартии од вредност“ во износ од 0,025% од вредноста на трансакцијата, поради воведувањето на посебен пазарен подсегмент на Официјалниот пазар на Берзата „Котација на други хартии од вредност“. |

Во текот на 2018 година, Берзата донесе нови интерни акти и изврши измени и дополнување на постојните (правилници, процедури, упатства и други акти) кои се однесуваат на внатрешната организација и секојдневното работење на Берзата, а со цел унапредување на ефикасноста на работењето и олеснување на поважните работни процеси во рамки на истото.

## 9.2. Промени во составот на Одборот на директори на Берзата

На ден 13.02.2018 година, Кирил Јовановски поднесе писмено известување до Берзата за оставка на функцијата неизвршен член на Одборот на директори на Берзата, поради некомпатибилност на функциите кои во иднина ќе ги извршува со функцијата член на Одборот на директори на Берзата. Собранието на акционери на Берзата одржано на ден 30.05.2018 година ја именуваше Билјана Ристова за нов неизвршен член на Одборот на директори на Берзата.

## 9.3. Седница на Годишно Собранието на акционери на Берзата на 30.05.2018 година

Седницата на Годишното Собранието се одржа на 30.05.2018 година и на истата беа усвоени: Извештајот за работа на Македонска берза АД Скопје во 2017 година, Годишна сметка и финансиските извештаи на Берзата за 2017 година, разгледан е Извештајот на независните ревизори за финансиските извештаи на Берзата за 2017 година; се донесе одлука за распределба на добивката за 2017 година; се одобри работата на Одборот на директори на Берзата во 2017 година, колективно и од аспект на поединечни членови, се разгледа Годишниот извештај на Дирекцијата за внатрешна ревизија на Берзата за 2017 година, се избра нов неизвршен член на одборот на директори на Берзата; се донесе одлука за определување на висина на месечен надоместок на неизвршните членови на Одборот на директори; се избра ревизор на финансиските извештаи на Берзата за 2018 година и се усвои Програмата за работа на Берзата за 2018 година.

## 9.4. Комуникација со Комисијата за хартии од вредност

- **Надоместокот за надзор што Берзата го плаќа кон Комисијата за хартии од вредност**

И во 2018 година утврдувањето на пазарната капитализација на Берзата на последниот ден на тргување во 2017 година како основ за пресметување на надоместокот за надзор Комисијата за хартии од вредност го направи преку вонтеренска контрола за која беше доставен Записник со кој се утврдува пазарна капитализација на сите пазарни сегменти вклучително и Слободниот пазар во износ од 174.575.881.790,00 денари. По претходна одлука од Одборот на директори, Берзата поднесе приговор на Записникот во предвидениот рок поради несогласувањата на Берзата со констатираните состојби и утврдената пазарна капитализација од страна на Комисијата. Во врска со доставениот приговор, Комисијата за хартии од вредност во текот на месец јули до Берзата достави Одговор на Приговорот на Берзата во кој беше истакнато дека Приговорот се одбива како неоснован и дека поради тоа Записникот од контролата на Комисијата станува конечен.

Во септември 2018 година, во Службен весник на Република Македонија, беа објавени измени и дополнувања на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата. Согласно исите, почнувајќи од 01.01.2019 година надоместокот кој Комисијата го наплаќа од Берзата ќе се пресметува со примена на поранешната методологија, односно ќе се пресметува како процент од остварените приходи (18%) според Тарифникот на Берзата за кои Комисијата врши надзор. Со ова се надмина повеќегодишно отвореното прашање за начинот на утврдување на висината на надоместокот за надзор којшто Берзата го плаќа на Комисијата за хартии од вредност.

- **Известување на Комисијата согласно закон и подзаконски акти**

Во текот на 2018 година, со цел исполнување на обврските за известување пропишани со законските и подзаконските акти, Берзата редовно доставуваше дневни, неделни и месечни извештаи за своето работење до Комисијата за хартии од вредност, како и други акти, извештаи и известувања согласно законот. Воедно, покрај редовната комуникација, во текот на извештајниот период Берзата доставуваше други дополнителни дописи и известувања до Комисијата, како на барање на Комисијата за хартии од вредност, така и на своја иницијатива.

Кон крајот на годината, Берзата ја прифати и подржа Иницијативата од Комисијата за хартии од вредност со која се предлага воведување на „0“ денари административни трошоци за иницијална јавна понуда.

## 9.5. Учество во работата на Советот за развој на пазарот на капитал

Претставници на Берзата зедоа активно учество во работата на Советот за развој на пазарот на капитал и на работните групи формирани од Советот, преку доставување на предлози и активна дискусија во насока на развој и подршка на домашниот пазар на капитал.

## 9.6. Доставување одговори на поднесени барања и дописи

Во текот на оваа година, Берзата континуирано доставуваше одговори по доставени барања од надлежните органи и институции, како и од физички лица, претежно заради добивање на податоци за цени на склучени берзански трансакции и за пазарната вредност на хартии од вредност со кои се тргува на Берзата.

## 9.7. Судски и нотарски постапки

Врз основа на објави во Службен весник на Република Македонија за отворени стечајни постапки, во текот на 2018 година, Берзата поднесе пријави за своите побарувања кон должниците за кои е отворена стечајна постапка, а по основ на годишен надомест за котација.

Исто така, беа поднесени предлози за издавање нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа со цел присилна наплата на побарувањата што Берзата ги има спрема одредени должници, исто така, по основ на долг за годишниот надомест за котација.

## 9.8. Продолжување на задолжителната котација

Со измените и дополнувањата на Законот за хартии од вредност од мај 2018 година, рокот за задолжителна котација се продолжи до 30.04.2020 година. Во врска со донесените законски измени, по барање на Берзата добиено е и мислење од Министерството за финансии на РМ за примена на оваа мерка во пракса.

## 9.9. Внатрешна ревизија

Со цел исполнување на законските обврски за вршење на внатрешна ревизија, во текот на 2018 година беше донесена одлука за ангажирање на надворешен соработник за извршување на овие активности за потребите на Берзата. Од страна на ангажираниот експерт беше изготвен Годишен план за ревизија и беа извршени планираните ревизии. Препораките дадени од надворешниот соработник за извршување во извештаите за извршените ревизии беа усвоени од страна на Одборот на директори и спроведени во работењето на Берзата.

# 10. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

## 10.1. Активности во рамките на Тренинг центарот на Македонска берза

Беше одржана обука „Основи на анализа на финансиски извештаи", каде присутните стекнаа знаење во врска со структурата на основните финансиски извештаи и белешките кон финансиските извештаи, како и алатките и техниките на изготвување и анализата, имајќи ја предвид нивната улога во привлекувањето на инвеститори и градењето на имиџот на компанијата.

## 10.2. Одржани предавања и презентации

Со цел подигнање на нивото на финансиска едукација и запознавање со улогата на Берзата во рамките на македонскиот пазар на хартии од вредност , Берзата одржа едукативни предавања пред студентите од:

- Меѓународниот Балкански Универзитет;
- Економски факултет Струмица, при Универзитетот Гоце Делчев од Штип;
- Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делечев"во Штип;
- Универзитетот Американ колеџ Скопје и
- Учениците од гимназијата НОВА.

Во рамките на активностите во одбележување на Глобалната недела на парите, Берзата одржа презентација за учениците од средното економско училиште Васил Антевски Дрен од Скопје.

## 10.3. Присуство на обуки и настани на претставници од Берзата

Во текот на 2018 година претставници на Берзата зедоа учество на повеќе обуки и настани.

### • Учество на конференции

- XXII-та Европска конференција за корпоративно управување, во организација на Националата комисија за корпоративно управување и Бугарска берза;
- „Erste Investors' Breakfast" во организација на Ерсте Банка и Шпаркасе Банка Македонија;
- Конференција за Национална проценка од ризикот за перење пари и финансирање на тероризам, во организација на Управата за финансиско разузнавање и проектот „Борба против економски криминал".

### • Учество на обуки и семинари

- Форум 2018 - Потенцијал на регулатива за ангел инвеститори, организиран од Сојузот на стопански комори на Македонија и за афирмација на потребата од институционално регулирање на финансирање преку моделот на „Бизнис ангели", како и настан Bridging the Gaps in Macedonia's Startup Ecosystem во рамките на Проектот на УСАИД за развој на деловниот екосистем;

- Семинар за правни аспекти на финансии преку пазарот на капитал кој се одржа во Софија, Бугарија, како и работна средба со претставници на Бугарската берза со цел разменеа на практични искуства и знаење во областа на усогласувањето на работењето и на регулативата со Европската регулатива – MIFIDII и MIFIR;

- "Работилницата за состојбите на пазарот на хартии од вредност во РМ" во организација на Комисијата за хартии од вредност.

## 10.4. Виртуелна берза – едукативен портал на Македонската берза

На 01.08.2018 година Берзата ги прогласи тројцата најуспешни учесници во петтиот циклус од едукативната игра што се организираше во рамките на порталот на Македонската берза „Виртуелна берза" и им додели соодветни награди: годишна претплата на продуктот Бестнет за следење на тргувањето на Македонската берза во живо, посета на една од обуките во рамките на Тренинг центарот на Берзата, а беше поделен и Прирачник за тргување со хартии од вредност. Од 15.11.2018 година започна шесттиот циклус на Виртуелната берза, едукативен портал на Македонската берза.

# 11. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

## 11.1. Годишна конференција на Македонска берза



На 04.05.2018 година во Охрид се одржа 19-та Годишна конференција на Македонската берза. Работниот дел на овогодинешниот настан започна со интервјуто на бина со Драган Тевдовски, Министер за финансии во Владата на Република Македонија. Покрај двете панел дискусии на тема “Макроекономски трендови – што да очекуваат економските субјекти и инвеститори” и “Дали на регионалните пазари на капитал им треба развојна стратегија?“ на која зедоа учество еминентни домашни и странски експерти, беа презентирани и новите и актуелни теми како динамиката на европските пазари на акции, идни предизвици и мегатрендови во финансиските услуги, акциите од Централна и Источна Европа во глобалното портфолио – можност за инвестирање преку ETF-ови, безбедно во дигиталната трансформација, а учесниците на конференцијата имаа можност да се запознаат со регионалната платформа за интегрирана аналитика на податоци од Западен Балкан и порталот за електронски пристап на инвеститори и издавачи на хартии од вредност.

За време на одржувањето на конференцијата Македонската берза ја додели наградата „Кристално ѕвоно“ на трите најтранспарентни котирани акционерски друштва за 2017 година и тоа: Алкалоид АД Скопје – I место, Комерцијална банка АД Скопје – II место и Македонски Телеком АД Скопје – III место. За остварувањата коишто овластените учесници на македонскиот пазар на хартии од вредност ги имаа постигнато во вкупниот промет и вкупниот број на трансакции реализирани на Берзата во текот на 2017 година беа наградени: Илирика Инвестментс АД Скопје за освоено прво место, Комерцијална банка АД Скопје за освоено второ место и НЛБ Банка АД Скопје за освоено трето место.

## 11.2. Респонзивна верзија на официјалната страна на Берзата

На 01.08.2018 година беше пуштена во употреба новата респонзивна верзија на официјалната интернет страница на Берзата (www.mse.mk), што подразбира техника на изработка на оптимизирана верзија на интернет страна или web апликација која реагира на различни димензии на уредите кои пристапуваат или пребарувачи.

## 11.3. Активности во врска со crowdfunding платформата Funderbem

Имајќи ги предвид актуелните трендови во врска со формирање и поддршка на т.н. “crowdfounding” платформи кои нудат низа можности за финансирање на нови бизнис потфати, Берзата заедно со претставници од Загребската берза и Funderbeam SEE во 2018 година, оствариja работни средби со Комисија за хартии од вредност, Народна банка на РМ и Министерството за финансии на кои беше презентирана платформата Founderbeam и беа разгледани можностите оваа ”crowdfounding” платформа и другите услуги кои ги нуди компанија Funderbeam SEE да станат достапни и на македонскиот пазар. Исто така, беа одржани повеќе работни состаноци со претставници на проектот на УСАИД за подобрување на деловниот екосистем во Македонија, на коишто беше дискутирано за нивната поддршка на конкретни активности на Берзата во делот на едукација и промоција на оваа crowdfunding платформа.

Во декември 2018 година, Берзата поднесе формална апликација за добивање грант преку проектот на УСАИД за подобрување на деловниот екосистем во Македонија. Средствата од проектот би се користеле за поддршка на активностите на Берзата за едукација, промоција и користење на нов производ на нашиот пазар во сегментот на финансирањето на малите и средни претпријатија, односно стартапи преку нудење услуги за crowdfunding финансирање преку платформата Funderbem.

## 11.4. Промоција на продуктите на Берзата

Со цел одржување на континуитет и присуство во јавноста, подобро запознавање за тоа што се случува на Берзата и како таа функционира, во 2018 година беа изготвени и промовирани следниве берзански продукти:

- Годишен и месечни статистички билтени од тргувањето со хартии од вредност;
- Dashboard за клучните месечни показатели;
- Продукција на серија едукативни/информативни видеа (во 2018 година беа изготвени и пуштени четири);
- Видео билтен (осврт на тргувањето во првите девет месеци од 2018 година);
- Можност податоците од продуктот „Тикер„ да се добијат на тестно користење со право на редистрибуција, без надомест;
- Ажурирана верзија на мобилната апликација на Системот за електронско известување од котирани акционерски друштва – СЕИНет за корисниците на Android и iOS платформата;
- mTrader, апликација која овозможува давање на електронски налози од страна на инвеститорите преку мобилен телефон.




## 11.5. Соработка со медиуми

- Главниот извршен директор на Берзата гостуваше во емисијата Бизнис 365 и имаше интервју за ТВ 24, како и за хрватскиот дневен весник Poslovni dnevnik.
- Берзата продолжи да ја користи својата ФБ страна како активен медиум за промовирање на своите активности и производи. Во таа насока се започна со објавување на постови за позначајни моменти кои ја одбележале берзанската историја.
- Беа одржани две средби со економските новинари од печатените и електронските медиуми, со цел нивно директно информирање за остварените резултати на котираните друштва во текот на 2018 година, како и презентирање на основните берзански показатели за соодветните периоди.
- За потребите на меѓународни инвеститори и медиуми, Берзата во соработка со Виенска берза дистрибуираше ПР текст со статистички параметри од тргувањето во 2018 година.

## 11.6. Комерцијално огласување на веб страната на Берзата

Во текот на 2018 година период беше продолжен договорот за закуп за рекламирање на банер на една банка на интернет страницата на Берзата, а во два наврати беше склучен договор за закуп на рекламен простор со една брокерска куќа.

# 12. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## 12.1. Активности поврзани со регионалниот проектот за пренасочување на налози за тргување – СЕЕ Линк

Во јуни 2018 година во Виена, Австрија, основачите на СЕЕ Линк платформата, Загребската, Бугарската и Македонската берза, како и самиот СЕЕ Линк, потпишаа Меморандум за соработка со Raiffeisen Bank. Целта на оваа соработка е да се воведе ново иновативно решение за порамнување на прекуграничните трансакции и инволвирање на банката како специјализиран, неексклузивен агент за порамнување на транскациите склучени преку СЕЕ Линк платформата.

Надзорниот одбор на СЕЕ Линк се состана во декември 2018 година во Скопје. На состанокот се разгледуваше и финансирањето на СЕЕ ЛИНК во текот на 2019 година. Беше донесена одлука дека почнувајќи од 2019 година берзите основачи на СЕЕ ЛИНК ќе започнат со плаќање на годишниот надомест за учество во СЕЕ ЛИНК. Во исто време беше разгледана можноста за учество на СЕЕ ЛИНК во проектот на ЕБРД "Research Coverage for selected listed SME's" т.е. во подпроект за обезбедување на центар за дистрибуција на извештаите за компаниите од проектот. Се очекува дел од средствата од тој подпроект да помогнат во финансирањето на СЕЕ ЛИНК за 2019 година.

Во декември, се одржа и заеднички состанок со претставник на Raiffeisen Bank International каде се разгледуваше досегашниот напредок на проектот за прекугранично порамнување на тргувањата преку СЕЕ ЛИНК преку центарот на Raiffeisen Bank International и соработка со македонскиот Депозитар за хартии од вредност. Претставници на Raiffeisen Bank International остварија и средба со Комисијата за хартии од вредност.

Во текот на целата година неколку пати месечно се реализираа редовни координациски конференциски врски околу актуелни прашања и планирање на идните активнисти на СЕЕ Линк.

## 12.2. Учество на меѓународни и регионални настани

Претставници на Берзата, односно Главниот извршен директор во текот на извештајниот период остварија учество на повеќе меѓународни форуми, конференции и други настани.

- **Форуми и панел дискусии**

- Присуствуво на вториот состанок на овластените институции на пазарот на капитал на земјите од Западен Балкан (WB6) – проект организиран и финансиран од страна на RCC (Regional Cooperation Council);
- Учествуво на панел дискусија во организација на Expat Asset Managament од Бугарија, посветена на лансирањето на нивни ETF – ови, меѓу кои и еден ЕТФ врзан со Македонскиот берзански индекс МБИ10, како и на панел дискусија во рамките на настанот „Шумот на парите"во Софија на која се презентирани состојбите и перспективите на Македонската берза и СЕЕ Линк;
- Учество на инвестициски форум во организација на INVESTOR.BG и дебата посветена на иднината на регионалните пазари на капитал, како и на бизнис форумот во организација на новоформираната берза во Тирана;

- Учествуво на панел на годишната конференција на Белградската берза посветен на иднината на регионалните берзи, како и на конференцијата на Федерацијата на Евроазиски берзи во ОАЕ.

- **Конференции и работни средби**

- Присуство на годишните конференции на Љубљанска, Загребска и Белградска берза. Во рамките на регионалната инвестициска конференција, што паралелно со годишната конференција на берзата се одвиваше во Белград, се претставија Алкалоид АД Скопје и Комерцијала банка АД Скопје.
- Работен престој во Софија и посета на нивниот Централен депозитар во функција на планирање на заеднички активности на Македонската берза и Депозитарот во доменот на IT работењето.

## 13. ПОДАТОЦИ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ПРИМАЊАТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА БЕРЗАТА

Податоците во врска со вработувањата и членувањето на членови на Одборот на директори на Берзата во органи на управување на трговски друштва се прикажани во следнава табела:

| Име и презиме | Работодавец / Дејност | Членство во органи на управување на трговски друштва |
|---|---|---|
| Коста Костовски | Еуростандард Банка АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Македонска Берза АД Скопје- неизвршен член на Одбор на директори<br><br>Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори<br><br>Негорски Бањи АД Негорци, неизвршен член на Одбор на директори |
| Михајло Брова Зиков | Комерцијална банка АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| Петар Трпески | Шпаркасе банка Македонија АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| Билјана Ристова | Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје<br>Дејност: други финансиски дејности | Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| Иван Мишев | Адвокатско друштво Папазовски Мишев | Македонска берза АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори |
| Тони Стојановски | Стопанска банка АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Стопанска банка АД Скопје, член на Управен Одбор<br><br>Македонска Берза АД Скопје- неизвршен член на Одбор на директори |
| Горан Анастасовски | КИБС АД Скопје<br>Дејност: Платни системи | Македонска берза АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори |
| Иван Штериев | Македонска берза АД Скопје<br>Дејност: Управување со финансиски пазари | Македонска берза АД Скопје -Главен Извршен директор |

Годишните нето примања за 2018 година на неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата кај соодветниот работодавец и по основ на бонуси, осигурувања и други реализирани права кај соодветниот работодавец се следните редоследно според табелата погоре: 2.580.000 денари, 1.663.540 денари, 1.989.024 денари, 757.175 денари и 1.310.980 денари.

Неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата немаат остварено надоместоци од членувањето во органите на управување на другите трговски друштва од табелата погоре, освен г-динот Коста Костовски кој од членувањето во Одборот на директори во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје остварува месечен нето надоместок од 15.000 денари и г-динот Тони Стојановски, чии надоместоци по овој основ, како и надоместоците по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата како и бонуси, осигурувања и други реализирани права кај работодавецот се соодветно прикажани во годишниот извештај на Стопанска банка АД Скопје.

Податоците за надоместоците и примањата на неизвршните членовите на Одборот на директори се базираат на податоците што секој член на Одборот на директори лично ги достави до Берзата.

Согласно Одлуката бр.02-697/1 од 30.05.2018 година, Берзата исплатува месечен надоместок за учество во работата на Одборот на директори на неизвршните членови во нето износ од 15.000 денари, по член. Освен месечниот надомест, на неизвршните членови на Одборот на директори за 2018 година им е исплатен и годишен надомест согласно претходно донесена одлука од Собранието на акционери. Износот на надоместоците кои по двете основи им беше исплатен на неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата во 2018 година е прикажан во глава 14 од овој Извештај.

Главниот извршен директор не членува во органи на управување на други трговски друштва, а податоците за остварените примања од Берзата за 2018 година се прикажани во глава 14 од овој Извештај.

## 14. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2018 ГОДИНА

Во 2018 година Македонската берза АД Скопје оствари **вкупни приходи** во износ од **56.502.865 денари** и истите се за 50,13% повисоки во споредба со приходите остварени во 2017 година, што се должи на речиси двојно повеќе остварени приходи од надоместоци за тргување оваа година во споредба со претходната година, како и на повеќе остварени останати приходи од дејност.

**Приходите остварени од камата** изнесуваат **1.358.631 денари** и бележат 13,3% зголемување во однос на лани. Со состојба на 31.12.2018 година износот на пласираните парични средства изнесува 94,1 милиони денари, при што покрај во орочени депозити, дел од средствата се пласирани во два отворени парични инвестициски фондови. Берзата има денарски депозити орочени на 12, 24 и 36 месеци во следните банки: Охридска банка АД Скопје (10 милиони денари), Стопанска банка АД Скопје (10 милиони денари), Еуростандард банка АД Скопје (10 милиони денари), Халкбанк АД Скопје (10 милиони денари), УНИ банка АД Скопје (9 милиони денари) и Шпаркасе банка Македонија АД Скопје (10 милиони денари), со каматни стапки што се движат од 2% до 2,7%. Воедно, Берзата има вложено 27,5 милиони денари во паричниот фонд на КБ Публикум Инвест (поседува 234.443,1337 удели) и 7,6 милиони денари во паричниот фонд КД Кеш депозит (поседува 64.669,7904 удели). Како резултат на усогласување на објективната вредноста на уделите со состојба 31.12.2018 година се остварени приходи во износ од 629.913 денари. Збирно од вложувања во финансиски инструменти е остварен приход од 1.988.544 денари, наспроти ланските 1.616.764 денари, што е зголемување за 23%. Истите учествуваат во вкупните приходи со 3,5%.

**Приходите по основ на провизии и надоместоци** изнесуваат **45.247.364 денари** и се за 59,25% повисоки во однос на истите во 2017 година. Подолу подетално се презентирани сите видови приходи во оваа категорија и тоа:

- Остварени се приходи по основ на **надоместоци за членство** во вкупен износ од **2.847.282 денари** и истите се состојат од членарини, надоместоци за користење на БЕСТ системот, надоместоци за користење на Берза-Нет и надоместоци за користење на станици за набљудување. Приходите од членство учествуваат со 5% во вкупните приходи.

- Од **надомест за тргување** во 2018 година се приходувани **34.450.082 денари** што претставува 61% од вкупните приходи во 2018 година. Овие приходи во 2018 година се за 98,3% повисоки во однос на остварените во 2017 година, што се должи на зголемениот промет со акции и блок трансакции во споредба со 2017 година. Кај приходот по основ на надомест за тргување со акции по основ на склучени трансакции во БЕСТ системот е забележано зголемување од 75,7% (од 10.003.080 денари во 2017 година на 17.578.806 денари во 2018 година). Остварениот приход од берзанска провизија кај блок трансакциите бележи зголемување од 116,7% (од 6.408.250 денари во 2017 година на 13.888.218 денари во 2018 година). Приходите од берзанска провизија од тргување со обврзниците бележат зголемување од 208,7% (од 853.050 денари во 2017 година на 2.633.302 денари во 2018), додека приходот од тргувањето по пат на јавни берзански аукции бележи намалување од 33,9% (во 2017 изнесува 97.968 денари, а во 2018 година 64.767 денари). Оставарен е и приход од реализација на јавна понуда на хартии од вредност во висина од 246.645 денари.

- Остварени се приходи по основ на **надомест за котација** во износ од **7.950.000 денари** или 14,1% од вкупните приходи. Годишен надомест за котација е фактуриран на вкупно 106 акционерски друштва што во текот на 2018 година котираа на Официјалниот пазар на подсегментите Супер котација, Берзанска котација и Задолжителна котација, наспроти ланските 108 котирани друштва.

- Во 2018 година Берзата оствари **останати приходи од дејност** во износ од **9.266.957 денари**, што се за 21,9% повисоки во споредба со истите во 2017 година. Ова зголемување се должи на двојно зголемените приходи остварени по основ на користење на веб страницата на Берзата за објави согласно закон, како и поради фактот што приходот од превентивно одржување на софтверскиот систем за брокерско работење во 2017 година започна да се наплатува од месец март.

  Во останати приходи од дејност спаѓаат приходи од дистрибуција на берзански податоци, приход од превентивно одржување на софтверскиот систем за брокерско работење, приходи од спонзорства, приходи остварени по основ на издавање на деловен простор, закуп на медиумски простор на веб страницата на Берзата, приходи по основ на користење на веб страна на Берзата за објави на податоци од друштва согласно закон, приходи од обуки, приходи по основ на сомнителни и спорни побарувања и други приходи. Најголемо учество во останатите приходи од дејност имаат приходите од дистрибуција на берзански податоци во износ од 2.831.115 денари, приходи од превентивно одржување на софтверскиот систем за брокерско работење во висина од 2.103.788 денари (во 2017 година за 10 месеци се остварени 1.755.680 денари), приходи од спонзорства и котизации во износ од 919.483 денари. Следат приходи по основ на издавање на деловен простор во износ од 1.437.874 денари, приходи од 1.039.500 денари по основ на користење на веб страницата на Берзата за објави согласно закон (во 2017 година по овој основ се остварени 505.500 денари), приходи од закуп на медиумски простор во износ од 484.597 денари, приходи од одржување на обуки во износ од 81.858 денари, приходи од наплата на отпишани побарувања во висина од 277.265 денари и други приходи во висина од околу 79.477 денари.

Структурата на приходите остварени во 2018 година е прикажана на следниот графикон




Во 2018 година се остварени **вкупни расходи** во висина од **39.263.100 денари** и се незначително повисоки од проектираните во планот (38.296.553 денари). Истите во 2017 година изнесувале 33.500.844 денари. Доколку се изврши прилагодување на вкупните расходи во 2018 и 2017 година за износот на регулаторниот трошок, расходите во 2018 година изнесуваат 28.788.552 денари наспроти 24.275.724 денари во 2017 година. Зголемувањето на трошоците произлегува примарно од повеќе платен надомест за надзор на Комисијата за хартии од вредност, плански предвидениот пораст по основ на плати и зголемениот број на вработени, повторното воведување на надомест за сите членови на Одборот на директори и исплата на годишни награди**.**

Во 2018 година за **провизии и надоместоци** направени се расходи во износ од **10.559.750 денари**, што претставува 26,9% од вкупните трошоци. Овие трошоци се направени за плаќање на банкарски провизиии и, пред се’, за надоместот за надзор што Берзата го плати на Комисијата за хартии од вредност во висина од 0,006% од пазарната капитализација на сите сегменти на пазарот на последниот ден на тргување од претходната година. На 28.02.2018 година Комисијата за хартии од вредност достави Записник од спроведената контрола согласно кој вкупната пазарна капитализација на која Берзата плаќа надомест на надзор на берза изнесува 174.575.881.790 денари, од што произлезе дека вкупниот износ на надомест за надзор е 10.474.553 денари и истиот учествуваше со 26,7% во вкупните расходи.

**Трошоци за вработени** во 2018 година изнесуваат **14.848.372 денари** и се состојат од бруто плати, останати користи и награди. Истите изнесуваат 37,8% од вкупните расходи и се повисоки во однос на предвиденото во Програмата за работа за 2018 година за 4,9%. Износот на бруто платата на извршниот член на Одборот на директори и исплатената годишната награда изнесуваат 3.819.949 денари.

**Амортизацијата** на средствата е пресметана во износ од **3.160.040 денари**, што претставува 8% од вкупните расходи и е за 1,9% пониска во однос на минатогодишната пресметана амортизација. Оваа ставка се однесува на амортизација на нематеријални средства, деловниот простор и опремата. Амортизацијата на основните средства е пресметана со праволиниска метода, согласно усвоените сметководствени политики на Берзата.

Во 2018 година **исправката на вредност на побарувањата** изнесува **637.265 денари**. Согласно Сметководствените политики на Берзата за побарувањата што Берзата ги има по основ на неплатен надомест за котација за 2015, 2016 и 2017 година, и за друштвата за кои во 2018 година е отворена стечајна постапка (во целосен износ), пресметана е исправка на вредност на побарувања во износ од 487.265 денари. Дополнително, направена е исправка на 50% од тековните побарувања (за 2018 година) и тоа за три друштва коишто од воведувањето на задолжителната котација во 2013 година воопшто ги немаат подмирено своите обрски по основ надомест за котација, како и за едно друштво за кое кон крајот на 2018 година е отворена предстечајна постапка, во вкупен износ од 150.000 денари.

**Останатите расходи од дејност** изнесуваат **9.395.415 денари** и се за 31% повисоки во однос на остварените во 2017 година. Истите во вкупните расходи учествуваат со 23,9%, а се однесуваат на следните ставки:

- **Материјалните и слични трошоци** изнесуваат 1.649.454 денари или 4,2% од вкупните расходи (трошоци за електрична енергија, парно греење, весници, стручна литература, хигиена, канцелариски материјал и слично).

- **Трошоците за услуги** изнесуваат 4.483.514 денари, бележат учество од 11,4% во вкупните расходи и истите се за 14,7% повисоки во споредба со трошоците за услуги остварени минатата година. Во рамките на трошоците за услуги позначајно учество имаат услугите за тековно одржување на опремата во износ од 2.059.060 денари. Во 2018 година се направени трошоци за годишната конференција на Берзата во износ од 419.306 денари, трошоци за телефонски и комуникациски услуги и интернет во износ од 444.104 денари, а останатите трошоци за услуги се направени за услуги за ревизија на финансиските извештаи, за поштарина, за обезбедување, консултантски услуги и слично. Во 2018 година како нови трошоци се јавуваат трошоци за надворешно лице за вршење на внатрешна ревизија, за редизајн и воведување на нови функционалности и одржување на берзански продукти преку мобилни телефони.

- За месечен **надомест за неизвршните членови** на Одборот на директори како и по основ на годишен надомест, согласно важечки одлуки на Собрание на акционери, е пресметан и исплатен вкупен износ од 1.507.395 денари. Истите изнесуваат 3,8% од вкупните расходи.

- За **службени патувања** во текот на годината се направени трошоци во износ од 263.158 денари и истите се помали за 47% од планираните за 2018 година, односно на слично ниво како во 2017 година.

- **Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда** изнесуваат 735.482 денари и претставуваат 1,9% од вкупните расходи. Во поглед на остварување на планот за 2018 година има реализација од 87%.

- **Трошоци за осигурување** се направени во висина од 119.579 денари. Се однесуваат на осигурување на деловниот простор, опремата, мебелот и осигурување на вработени и извршниот директор.

- По основ на **Други трошоци**, направени се трошоци во износ од 619.579 денари и истите учествуваат со 1,6% во вкупните расходи. Во рамките на Други трошоци спаѓаат данок на имот, членарина за Американска Стопанска комора, членарини за бизнис кредитни картички, трошоци за судски и административни такси и слично. Воедно, оваа година се донирани парични средства за унапредување, развој и поддршка на спортот во државата.

- **Уделот во загубата на заедничкото вложување** на Берзата во СЕЕ Линк ДОО Скопје изнесува 660.924 денари и претставува 33,33% од вкупната загуба на друштвото. Уделот во загубата на заедничкото вложување во вкупните трошоци на Берзата учествува со 1,7%.

- **Нето загуба од курсни разлики** е остварена во висина од 1.334 денари.

Како резултат на повеќе остварени приходи од расходи, Берзата по Годишната сметка за 2018 година оствари **Добивка пред оданочување** во износ од **17.239.765 денари**. Пресметан е **Данок на добивка** во износ од **1.393.735 денари** и **Добивката за деловната 2018 година** изнесува **15.846.030 денари**.

* * *

**Вкупната актива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2018 година изнесува **163.220.051 денари.** Во структурата на активата најликвидните средства (парични средства, орочени депозити во банки со рок на разорочување од три дена, вложување во удели во паричен инвестициски фонд) учествуваат со 59,5% што придонесува за финансиска стабилност на Берзата. Влогот на Македонската берза во заедничкото друштво СЕЕ Линк ДОО Скопје (основано заедно со берзите од Загреб и Софија во 2016 година) е во износ од 323.665 денари. Овој износ претставува 1/3 од основната главнина на ова друштво. Учеството на основните средства - материјални и нематеријални (58.088.415 денари) изнесува 35,6% од вкупната актива, а побарувањата и одложените приходи изнесуваат 7.671.992 денари или 4,7% од вкупната актива. Од вкупните ненаплатени побарувања со состојба на 31.12.2018 година, најголемиот дел се однесува на побарувањата за надомест за котација (3.036.561 денари) и побарувањата за надоместоците за тргување и членство од членките на Берзата за месец декември 2018 година што доспева за плаќање на 15.01.2019 година (1.819.390 денари).

**Вкупната пасива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2018 година изнесува **163.220.051 денари.** Вкупните обврски на 31.12.2018 година изнесуваат 3.981.579 денари. Од тоа обврските кон добавувачи изнесуваат 1.651.261 денари, а разграничените приходи во идни периоди изнесуваат 306.191 денари.

Капиталот и резервите на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2018 година изнесуваат 159.238.472 денари. Од тоа запишаниот капитал изнесува 103.497.760 денари, резервите 35.647.941 денари, добивката за финансиската година во износ од 15.846.030 денари и задржаната добивка во износ од 4.246.741 денари.

**Одбор на директори** **Скопје, Март 2019 година**

**П р е т с е д а т е л**

**Коста Костовски**

Македонска берза на хартии од вредност АД СКОПЈЕ

# П Р И Л О Г

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**на ден 31.12. 2018 година**

**АКТИВА**

во денари

| Назив | 2017 | 2018 | Индекс 2018/2017 |
|---|---|---|---|
| **1. Парични средства и парични еквиваленти** | **3.081.943** | **1.056.152** | **34** |
| **2. Кредити на и побарувања од банки** | **59.089.665** | **59.000.100** | **100** |
| Депозити | 59.001.001 | 59.000.100 | 100 |
| Останати побарувања | 88.664 | 0 | 0 |
| **3. Вложувања во сопственички инструменти** | **17.849.814** | **37.079.727** | **208** |
| **4. Заеднички вложувања** | **984.589** | **323.665** | **33** |
| **5. Нематеријални средства** | **976.153** | **850.480** | **87** |
| **6. Материјални средства** | **59.284.757** | **57.237.935** | **97** |
| **7. Останати средства/побарувања** | **5.193.544** | **7.210.616** | **139** |
| Останати побарувања | 5.193.544 | 7.210.616 | 139 |
| **8. Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **439.491** | **461.376** | **105** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **146.899.956** | **163.220.051** | **111** |

**ПАСИВА**

во денари

| Назив | 2017 | 2018 | Индекс 2018/2017 |
|---|---|---|---|
| **1. Обврски** | **3.507.514** | **3.981.579** | **114** |
| Останати обврски | 3.214.410 | 3.675.388 | 114 |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 293.104 | 306.191 | 104 |
| **2. Капитал и резерви** | **143.392.442** | **159.238.472** | **111** |
| Запишан капитал | 103.497.760 | 103.497.760 | 100 |
| Резерви | 35.647.941 | 35.647.941 | 100 |
| Добивка за финансиска година | 3.919.912 | 15.846.030 | 404 |
| Задржана добивка | 326.829 | 4.246.741 | 1.299 |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **146.899.956** | **163.220.051** | **111** |

## Билан на успех
## за периодот 01.01.-31.12.2018 година

во денари

| Приходи | 01.01.-31.12.2017 | 01.01.-31.12.2018 | Индекс 2018/2017 | План 2018 | Индекс 2018/План |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Приходи од камати** | **1.199.158** | **1.358.631** | **113** | **1.400.000** | **97** |
| **2. Приходи од усогласување до објективна вредност на удели** | **417.606** | **629.913** | **151** | **430.000** | **146** |
| **3. Приходи од провизии и надоместоци** | **28.413.340** | **45.247.364** | **159** | **34.306.000** | **132** |
| Надомест за членство | 2.936.000 | 2.847.282 | 97 | 2.856.000 | 100 |
| Надомест од тргување | 17.374.340 | 34.450.082 | 198 | 23.500.000 | 147 |
| Приходи од котација | 8.100.000 | 7.950.000 | 98 | 7.950.000 | 100 |
| **4. Останати приходи од дејност** | **7.604.968** | **9.266.957** | **122** | **8.300.000** | **112** |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **37.635.072** | **56.502.865** | **150** | **44.436.000** | **127** |

| Расходи | 01.01.-31.12.2017 | 01.01.-31.12.2018 | Индекс 2018/2017 | План 2018 | Индекс 2018/План |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Расходи за провизии и надоместоци** | **9.291.953** | **10.559.750** | **114** | **10.544.553** | **100** |
| Провизии од банки | 66.833 | 85.202 | 127 | 70.000 | 122 |
| Берзанска провизија за КХВ | 9.225.120 | 10.474.548 | 114 | 10.474.553 | 100 |
| **2. Трошоци за вработени и останати користи за вработени** | **12.867.235** | **14.848.372** | **115** | **14.150.000** | **105** |
| **3. Амортизација** | **3.219.465** | **3.160.040** | **98** | **3..500.000** | **90** |
| **4. Исправка на вредност на побарувања** | **524.752** | **637.265** | **121** | **600.000** | **106** |
| **5. Останати расходи од дејност** | **7.170.601** | **9.395.415** | **131** | **8.805.000** | **107** |
| Материјални и слични трошоци | 1.677.007 | 1.649.454 | 98 | 1.850.000 | 89 |
| Трошоци за услуги | 3.910.502 | 4.483.514 | 115 | 4.300.000 | 104 |
| Одбор на директори | 480.000 | 1.507.395 | 314 | 970.000 | 155 |
| Трошоци за службени патувања | 245.627 | 263.158 | 107 | 500.000 | 53 |
| Трошоци за репрез., реклама и пропаганда | 559.280 | 735.482 | 132 | 850.000 | 87 |
| Осигурување | 170.967 | 136.833 | 80 | 175.000 | 78 |
| Други трошоци | 127.218 | 619.579 | 487 | 160.000 | 387 |
| **6. Удел во загубата на заед. вложување** | **425.270** | **660.924** | **155** | **697.000** | **95** |
| **7. Нето загуба од курсни разлики** | **1.568** | **1.334** | **85** | | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **33.500.844** | **39.263.100** | **117** | **38.296.553** | **103** |
| **Добивка (загуба) пред оданочување** | **4.134.228** | **17.239.765** | **417** | **6.139.447** | **281** |
| **Данок на добивка** | **214.316** | **1.393.735** | **650** | | |
| **Добивка (загуба) за финанискaта година** | **3.919.912** | **15.846.030** | **404** | | |